**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Бр. 25-6637/ 2**
**6 09 2010 година**
**Скопје**

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), постапувајки по барањето на Трговското друштво за технички испитувања и анализи Центар за возила ПРВА Прилеп ДОО бр.25-6637/1 од 06.09.2010 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед** Центар за возила ПРВА Прилеп ДОО, **за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата** од категориите M, N, O, согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105//10)

О б р а з л о ж е н и е

Трговското друштво за технички испитувања и анализи Центар за возила ПРВА Прилеп ДОО до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување за **правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата** согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување за вршење на правното лице Трговското друштво за технички испитувања и анализи Центар за возила ПРВА Прилеп ДОО да врши технички преглед на сите групи на категории на возила бр.19.11.1-17753/3 од 28.05.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје, Изјава од управителот на Центар за возила ПРВА Прилеп ДОО за сопственост на деловниот простор со имотен лист бр40767 од 05.08.2010 година издаден од Одделение за катастар на недвижности - Прилеп; копии од обрасците М1/М2 за дипл. маш. инг. Кире Мрчески со Потврда за положен стручен испит бр.25-5190/2 и автосообраќаен механичар – Гоце Цуцулоски со Потврда за положен стручен испит бр.25-5191/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса за осигурување бр.31974 од 03.03.2010 година; и Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките на работа.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08) и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 101 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*